ДЕПОЗИТ

МАКЕДОНИЈА

ЗНМ и ССНМ: Политичките партии не смеат јавно да таргетираат новинари и медиуми

Објавено пред **4 месеци** - 14 април, 2026
Од **С В**

Здружението на новинари на Македонија и Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници реагираат по денешната јавна изјава на претседателот на СДСМ, Венко Филипче, упатена кон новинар од ТВ Алфа.

„Сметаме дека е недозволиво и непримерно за претседател на политичка партија јавно да упатува тешки обвинувања за корупција проследена со реторика на дискредитирање кон новинари и медиуми. Ова не е изолиран случај, туку загрижувачка пракса во која политички

пресметка.

„Префрлањето вина кон новинари и редакции, како и нивно јавно етикетирање, не е демократски однос кон слободата на изразување и улогата на медиумите во општеството. Доколку било кој чинител во општеството има сериозни сомнежи за незаконитости пропусти за работењето на поедини медиуми, тие треба да се адресираат пред надлежните институции и преку законски процедури, а не преку јавни политички кампањи против конкретни новинари и медиуми. Во спротивно, политичките чинители ја намалуваат довербата кон медиумите преку своите вакви постапки, а тоа не е во духот на вредностите за кои треба да се залагаат. Ги повикуваме сите политички партии во иднина да се воздржат од јавни изјави што можат да поттикнат притисок, дискредитација или недоверба кон новинарите и медиумските работници“, велат од ЗНМ и ССНМ.

Од таму додаваат дека меѓународните стандарди јасно укажуваат дека политичарите и јавните функционери треба да покажат повисоко ниво на толеранција кон медиумско известување и да не користат понижувачки јазик кон новинарите.

ЗНМ и ССНМ велат дека ќе продолжат внимателно да ги следат ваквите случаи и јавно да реагираат секогаш кога новинари и медиуми ќе бидат изложени на политички притисок или јавно таргетирање.

Post

©Makfax.com.mk Доколку преземете содржина од оваа страница, во целост сте се согласиле со нејзините Услови за користење.

ПОВРЗАНИ АРТИКЛИ: #ЗНМ #ССНМ

ПРЕТХОДНО

Благ пораст на цените, намалена трговска маржа кај основните производи, утврди Министерството за економија

СЛЕДНО

Ќе ги побараме од Судот и Обвинителството предметите за Груевски и ќе постапиме согласно законот, велат од Министерството за правда

БИ МОЖЕЛО ДА ВЕ ИНТЕРЕСИРА И...

Copyright © 2026 - Member of IAB Macedonia
Member of Clip Media Group